20251012231

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08-2804/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), во член 38 ставот (4) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите лиценци кои се издадени согласно со одредбите од овој закон, дали правните лица кои се носители на лиценца ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена лиценцата, дали ја исполниле обврската за осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Северна Македонија согласно со членот 41-а од овој закон и дали правното лице постои. Лиценцата се одзема доколку се утврди дека правното лице - носител на лиценца престанало да исполнува некој од условите врз основа кои му е издадена лиценцата, или правното лице не ја исполнило обврската за осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Северна Македонија согласно со членот 41-а од овој закон, или правното лице престанало да постои.".

Ставот (6) се менува и гласи:

„Во случаите од ставот (4) на овој член лиценцата се одзема по службена должност, а во случаите од ставот (5) на овој член лиценцата се одзема врз основа на предлог на градежен или овластен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност, а

за градбите од втора категорија од членот 57 од овој закон и врз основа на предлог на органот надлежен за издавање одобрение за градење од членот 58 од овој закон, за овој вид на градби, со записник за констатирана неправилност. Лиценцата се одзема со решение на органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа за уредувањето на просторот. Решението за одземање лиценца е извршно. Против решението за одземање лиценца може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата против решението за одземање лиценца не го одлага извршувањето на решението.".

Ставот (7) се менува и гласи:

„Решението за одземање лиценца се евидентира во Регистарот за издадени и одземени лиценци, а примерок од истото органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа за уредувањето на просторот доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија, заради евидентирање на забраната од ставот (8) на овој член.".

Во ставот (8) зборот „правосилноста" се заменува со зборот „донесувањето", а зборовите: „во рок од осум дена од правосилноста на решението на одземање на лиценца" се заменуваат со зборовите: „веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање лиценца.".

Член 2

Во член 39 ставот (6) се менува и гласи:

„Во случаите од ставот (4) на овој член, овластувањето се одзема по службена должност, а во случаите од ставот (5) на овој член, овластувањето се одзема врз основа на предлог на градежен или овластен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност или врз основа на предлог на органот надлежен за издавање одобрение за градење од членот 58 од овој закон со записник за констатирана неправилност или по службена должност. Овластувањето се одзема со решение на Комората на овластени архитекти и овластени инженери. Решението за одземање овластување е извршно. Против решението за одземање овластување може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата против решението за одземање овластување не го одлага извршувањето на решението.".

Во ставот (7) зборовите: „Правосилното решение" се заменуваат со зборот „Решението".

Во ставот (8) зборот „правосилноста" се заменува со зборот „донесувањето", а зборовите: „во рок од осум дена од правосилноста на решението на одземање на овластувањето" се заменуваат со зборовите: „веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање на овластувањето".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".